Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

# Извадок на дел дневните настани 22.08.2022

На 21.08.2022 во 22.20 часот на подрачјето на Драчево, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.Ч.(24) од Скопје затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Полициски службеници од СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар расчистија шест кражби и тешки кражби, за чие извршување се сомничи 44-годишниот Б.С. од Гостивар. Вчера (21 август) околу 13 часот и 30 минути во Гостивар, тој е лишен од слобода и задржан во Полициската станица Гостивар, а по документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок. Инаку, Б.С. во текот на оваа година, најчесто во централното подрачје на Гостивар противправно одземал скапи велосипеди, кои потоа ги препродавал на други лица. Дел од украдените велосипеди се пронајдени и вратени им се на нивните сопственици.

На 21.08.2022 во 17.00 часот во СВР Куманово било пријавено дека во Медицински центар Куманово со повреди бил донесен малолетник од Куманово. Според пријавеното, малолетникот се здобил со повреди од струен удар при обид да се качи на вагон на железничката станица во Куманово, за да се фотографира. Увид на место извршила увидна екипа од СВР Куманово.

На 21.08.2022 во 14.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 25-годишниот А.Р. од тетовска Мала Речица поради сомнение дека заедно со малолетник на 17-ти овој месец извршиле кражба на пари од колонијална продавница во тетовско Камењане. Тој го признал делото и по целосно документирање на случајот против него и малолетникот, кој денеска ќе биде повикан во Полициската станица Тетово, ќе бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 21.08.2022 во Ресен, полициски службеници од Полициска станица Ресен на две локации во Ресен пронајде и одзеде бесправно исечени огревни дрва. На ул. „Ј.Јосифовски" било затекнато патничко возило „пежо партнер" со ресенски регистарски ознаки, управувано од В.Ф.(34) од с.Лева Река, ресенско натоварено со бесправно исечени дабови дрва, а на ул.„Мите Трајчевски" во Ресен од Н.Ш.(47) од Ресен биле одземени бесправно исечени дабови огревни дрва. Дрвната маса била предадена на Шумска полиција Ресен, а по целосно документирање на случајот ќе следи соодветна пријава.

На 21.08.2022 во 10.40 часот на Граничниот премин „Блато", полициски службеници го лишиле од слобода Н.К.(39) од Република Албанија поради тоа што при извршена гранична контрола било констатирано дека евидентирал во службената евиденција со мерка „апси" по барање на Интерпол-Атина. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициска станица Дебар за понатамошна постапка.

На 21.08.2022 во 12.30 часот во СВР Тетово, А.Р.(41) од Тетово пријавил дека на старите муслимански гробишта на улица „Ѓуботенска" во Тетово пронашол минофрлачка мина калибар 75 милиметри. Извршен е увид. Мината е од германско производство, која потекнувала од Втората светска војна, подигната е и транспортирана од претставници на Дирекцијата за заштита и спасување.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (21.08.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 220 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 76 санкции, 46 мерки за возење без возачка дозвола, 20 за возење под дејство на алкохол. Изречени се пет мерки за користење мобилен телефон, шест санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, 13 санкции за нерегистрирани возила, седум мерки за некористење сигурносен појас...

На 21.08.2022 на територијата на СВР Битола, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, санкционирани биле 44 возачи, од кои 32 санкции се изречени за пречекорување на брзината во населено место и 12 надвор од населено место.

СВР Штип во текот на вчерашниот ден (21.08.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На подрачјето на СВР Штип изречени се вкупно 22 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 11 санкции, 6 мерки за управување возило без возачка дозвола, 1 за технички неисправно возило, 1 возач почетник, 2 за некористење сигурносен појас и 1 за непрописно паркирање.

На 21.08.2022 во 19.30 часот во СВР Штип било пријавено дека на регионалниот пат Куманово-Свети Николе-Штип патничко моторно возило ,,ауди" со светиниколски регистарски ознаки, управувано од Х.А.(21) од с.Горобинци излетало надвор од коловозот. Во несреќата со телесни повреди се здобил возачот Х.А. а сопатниците М.Б.(20), Ф.Б.(22) и С.В.(20), сите од Свети Николе, се здобиле со тешки телесни повреди кои им биле констатирани во Клиничката болница во Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 21.08.2022 во 18.35 часот во СВР Скопјр било пријавено дека на автопатот „Мајка Тереза"-клучка Хиподром се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „бмв 318" со австриски национални ознаки, управувано од К.Б.(26) од Австрија и патничко моторно возило „опел инсигниа" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.Н.(69) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката Ј.Н.(66) од возилото „опел инсигниа", а со телесни повреди се здобиле двајцата возачи и Д.Ј.(29) и уште една малолетна сопатничка, двете од возилото „бмв", констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 21.08.2022 во 10.00 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека на патот брана ,,Градче"-Кочани, Р.Т.(57) од Кочани управувајќи велосипед паднал на коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот констатирани во Општата болница во Кочани. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кочани.

На 21.08.2022 во 21.40 часот во СВР Штип било пријавено дека на магистралниот пат Штип-Радовиш, патничко моторно возило „форд мондео" без регистарски таблици, управувано од Ш.Д.(53) од Штип, излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот констатирани во Клиничката болница во Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 21.08.2022 во 23.45 часот во Полициската станица Кисела Вода, З.П.(39) од Скопје пријавила дека на ул.„Христо Татарчев" бил каснат од куче скитник.

На 21.08.2022 во 16.25 часот во Полициската станица Гази Баба, Љ.М.(69) од Скопје пријавила дека на ул.„Ташко Караџа" била касната од куче скитник.

На 21.08.2022 во 17.50 часот во Полициската станица Гази Баба, Б.М.(61) од Скопје пријавил дека на ул.„Жегљане" бил каснат од куче скитник.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет